# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 29 Април 2026 година<br>Скопје<br>Бр.4 Год. XXI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.22
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје делегиран од Град Скопје ....................стр.2
2. Одлука за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка„Росица“–Скопје, Општина Ѓорче Петров, делегиран од Министерството за социјална политика, демографија и млади ....................стр.4
3. Одлука за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров – Скопје ....................стр.6
4. Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани “Центар за климатски промени“– Гевгелија ....................стр.8
5. Правилник за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров ....................стр.10
6. Одлука за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров ....................стр.20


Април 2026 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје делегиран од Град Скопје**

Се објавува одлуката за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје делегиран од Град Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на советот, одржана на ден 29.04.2026 година.

**Број 02-795/1**
**од 30.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002 и Сл.весник на Република С.Македонија бр.202/24), член 114 став 10 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М.“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Службен Весник на Р.С.М.“ 104/19, 146/19, 27/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје делегиран од Град Скопје

**Член 1**

За претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица“–Скопје, Општина Ѓорче Петров, делегиран од Град Скопје, се именува:

- Ана Ѓуровска.

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Управниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи одлуката за именување претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца - детска градинка „Росица“, број 08-282/6 од 09.02.2022 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 2/2022).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02 -756/2**
**од 29.04.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица“–Скопје, Општина Ѓорче Петров, делегиран од Министерството за социјална политика, демографија и млади**

Се објавува одлуката за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица“–Скопје, Општина Ѓорче Петров, делегиран од Министерството за социјална политика, демографија и млади, што советот на Општина Ѓорче Петров го усвои на Деветтата седница на советот, одржана на ден 29.04.2026 година.

**Број 02-795/2**
**од 30.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“ бр.5/2002 и Сл.весник на Република С.Македонија бр.202/24), член 114 став 10 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на Р.М.“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и („Службен Весник на Р.С.М.“ 104/19, 146/19, 27/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца-детска градинка „Росица“ – Општина Ѓорче Петров-Скопје**

**Член 1**

За именување претставник во Управниот одбор на Јавна Установа за деца- детска градинка„Росица“–Скопје, Општина Ѓорче Петров, делегиран од Министерството за социјална политика, демографија и млади, се именува:

- Савче Здравковска.

**Член 2**

Мандатот на претставниците во Управниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за именување претставници во Управниот одбор на Јавна Установа за деца - детска градинка „Росица“, број 02-807/8 од 30.04.2025 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2025).

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02 -756/3**
**од 29.04.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје**

Се објавува одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на советот, одржана на ден 29.04.2026 година.

**Број 02-795/3**
**од 30.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република С.Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на 29.04.2026 година, донесе:

## ОДЛУКА
## за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца - детска градинка „Росица“ - Ѓорче Петров - Скопје

### Член 1

Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Јавната општинска установа за деца – детска градинка „Росица“ – Ѓорче Петров – Скопје, број 01-79/3 од 18.03.2026 година, донесен на седница на Управниот одбор на ЈОУДГ„РОСИЦА“ Ѓорче Петров - Скопје на ден 18.03.2026 година.

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров”.

**Број 02 -756/4** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**од 29.04.2026 година** **Претседател,**
**С к о п ј е** **Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за прифаќање на донација од Здружение на граѓани "Центар за климатски промени"– Гевгелија**

Се објавува одлуката за прифаќање на донација од Здружение на граѓани "Центар за климатски промени"– Гевгелија, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на советот, одржана на ден 29.04.2026 година.

**Број 02-795/4**
**од 30.04.2026 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ“ бр.05/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности “Сл.Весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15”), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и “Службен весник на РМ“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на 29.04.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за прифаќање на донација од Здружение на граѓани “Центар за климатски промени“ – Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на Општина Ѓорче Петров ја прифаќа донацијата од Здружение на граѓани “Центар за климатски промени“ – Гевгелија, во својство на давател на донација, која состои од 60 (шеесет) жолти канти од 120 литри за селекција на PET амбалажа, а се во вкупна вредност од 84.943,00 денари со вклучен ДДВ, кои ќе бидат запишани во книговодствената евиденција на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Донираните канти од член 2 од оваа Одлука во соработка со “Центар за климатски промени“ - Гевгелија ќе бидат поделени во индивидуални домаќинства на територија на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Донацијата не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 4**

Се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи Договор за донација со донаторот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02 -756/5**
**од 29.04.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување на Правилник за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров

Се објавува Правилникот за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Деветтата седница на советот, одржана на ден 29.04.2026 година.

| | |
|---|---|
| **Број 02-795/5** | **ГРАДОНАЧАЛНИК НА** |
| **од 30.04.2026 година** | **ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** |
| **Скопје** | **Александар Стојкоски с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за Локална самоуправа („Службен Весник на Р.М.“бр.5/2002 и Сл.весник на Република С.Македонија бр.202/24) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 9-тата седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе:

## ПРАВИЛНИК
**за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров**

### I. Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците и просветните работници, директорите, наставниот кадар во одделенска и предметна настава и стручните служби од општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Со наградите, дипломите и пофалниците се стимулира развојот на позитивни особини кај учениците и просветните работници и се дава признание за постигнатите резултати во воспитно-образовната дејност.

**Член 3**

Наградите, дипломите и пофалниците се доделуваат на ученици и просветни работници од општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров поединечно и групно за особени постигнувања и успешни резултати.

**Член 4**

Наградите, дипломите и пофалниците ги доделува Советот на Општина Ѓорче Петров, по предлог на Комисијата за образование, наука, социјална, здравствена заштита и заштита на деца (во понатамошниот текст: Комисија).

Наградите, пофалниците и признанијата ги врачува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров по повод значајни датуми за Општината Ѓорче Петров.

## II. Награди, дипломи и пофалници

**Член 5**

Советот на Општина Ѓорче Петров ги доделува следните награди:

1. Плакета за Првенец на генерација на Општина Ѓорче Петров за основно образование;
2. Диплома за најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение;
3. Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области (како на пример: спорт, музичка или ликовна уметност и др.)
4. Награда за истакнат просветен работник.

### А. Првенец на генерација за основно образование на Општина Ѓорче Петров

**Член 6**

Првенец на генерација за основно образование на Општина Ѓорче Петров (во понатамошниот текст: Првенец на генерација) се избира од учениците кои го завршуваат основното образование во општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Првенец на генерација се избира од редот на Првенците на генерација на основните училишта.

Предлозите за ученик кандидат за Првенец на генерација ги доставуваат основните училишта до Општина Ѓорче Петров.

**Член 8**

За Првенец на генерација може да биде прогласен ученик кој ги приложува сите документи од деветгодишното образование со што покажува:

- примерен успех во училиштето;
- континуиран одличен успех по сите наставни предмети во текот на деветгодишното основно образование;
- постигнува успеси на натпревари и има освоено награди, дипломи и признанија.

**Член 9**

При бодирањето се приложува и вреднува само највисокото достигнување на ученикот во одредена област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој предмет поединечно за секоја учебна година.

Бодирањето на кандидатот се врши според следните критериуми:

- за континуирано примерно поведение се доделуваат - 5 бода;
- за континуиран одличен успех се доделуваат - 20 бода;
- за освоени награди, дипломи, пофалници или признанија од натпревари по наставни предмети во текот на основното образование на кандидатот му се доделуваат бодови и тоа:
    - на ниво на училиште

      Прво место 3 бода

      Второ место 2 бода

      Трето место 1 бода
    - на општинско ниво

      Прво место 6 бода

      Второ место 5 бода

      Трето место 4 бода
    - на градско или регионално ниво

      Прво место 9 бода

      Второ место 8 бода

      Трето место 7 бода
    - на државно ниво

      Прво место 12 бода

      Второ место 11 бода

      Трето место 10 бода
    - на меѓународно ниво

      Прво место 15 бода

      Второ место 14 бода

      Трето место 13 бода

**Б. Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение на Општина Ѓорче Петров**

**Член 10**

Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение на Општина Ѓорче Петров се избира од редот на Најдобрите ученици за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение на Општина Ѓорче Петров.

Предлозите за ученик кандидат за Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и

IX за соодветно одделение на Општина Ѓорче Петров ги доставуваат основните училишта до Општина Ѓорче Петров.

**Член 11**

Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение на Општина Ѓорче Петров се избира од учениците од IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение, од општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров.

Бодирањето на кандидатите се врши според следните критериуми:

- за примерно поведение во тековната учебна година се доделуваат - 5 бода;
- за одличен успех во тековната учебна година се доделуваат - 20 бода;
- за освоени награди, дипломи, пофалници или признанија во текот на учебната година на ученикот му се доделуваат бодови соодветно како во член 9 на овој Правилник.
- за освоени награди, дипломи, пофалници или признанија за други учебни години не се доделуваат бодови.

**Член 12**

Диплома за Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение на Општина Ѓорче Петров се доделува на ученик кој покажува:

- примерно поведение во училиштето;
- одличен успех во тековната учебна година,
- постигнува успеси во натпревари и има освоено награди, дипломи и признанија.

**Член 13**

При бодирањето се приложува и вреднува само највисокото достигнување на ученикот во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој предмет поединечно за тековната учебна година.

**В. Посебни Пофалница за постигнат особен успех во определени области**

**Член 14**

Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области (како на пример: спорт, музичка или ликовна уметност и др.) се доделува поединечно или групно на ученици и/или просветни работници кои постигнале успеси во одредени области, имаат освоено награди, дипломи и признанија и ја промовираат општината Ѓорче Петров.

### Г. Награда за истакнат просветен работник

**Член 15**

Награда за истакнат просветен работник се доделува на вработените, директорите, наставниот кадар во одделенска и предметна настава и стручните служби во основните училишта за постигнат успех во воспитно образовниот процес.

**Член 16**

Награда за истакнат просветен работник може да се додели на вработен кој има најмалку 3 години работно искуство во образовна институција и на кој последните три години не му била доделени награда за истакнат просветни работник.

Награда за истакнат просветен работник **не може да се додели на просветен работник кој е член на Советот на Општина Ѓорче Петров**.

За Награда за истакнат просветни работник се врши бодирање на кандидатите според следните критериуми и тоа:

- за учество во проекти поддржани од министрството за образование и наука, Општината или други образовни институции во последните три години на просветниот работник му се доделуваат:

| | |
|---|---|
| - како координатор на проект на меѓународно ниво | 5 бода |
| - како учесник во проект на меѓународно ниво | 4 бода |
| - како координатор на проект на државно ниво | 4 бода |
| - како учесник во проект на државно ниво | 3 бода |
| - како координатор на проект на на општинско ниво | 3 бода |
| - како учесник во проект на општинско ниво | 2 бода |

- за стекнати сертификати од стручно усовршување, семинари, курсеви и симпозиуми од овластени институции во последните три години на просветниот работник му се доделуваат за секој сертификат по еден бод;

- за стекнати сертификати како обучувач или десеминатор во последните три години на просветниот работник му се доделуваат по 4 бода;

- за авторство или коавторство на учебници, стручна литература и други написи публикувани во стручни списанија во последните три години на просветниот работник му се доделуваат:

| | |
|---|---|
| - Автор на учебник | 10 бода |
| - Коавтор на учебник | 7 бода |
| - Автор на публикувани стручни написи и стручна литература или рецензија на стручна литература | 5 бода |

- за учество и освоени награди, дипломи, пофалници или признанија во последните три години на просветниот работник му се доделуваат:

| | |
|---|---|
| -учество на училишни натпревар | 1 бода |
| -освоени награди на училишни натпревар | 2 бода |

| | |
|---|---|
| -учество на општински натпревари | 2 бода |
| -освоени награди на општински натпревари | 3 бода |
| -учество на градски или регионални натпревари | 3 бода |
| -освоени награди на градски или регионални натпревари | 4 бода |
| -учество на државни натпревари | 4 бода |
| -освоени награди на државни натпревари | 5 бода |
| -учество на меѓународни натпревари | 5 бода |
| -освоени награди на меѓународни натпревари | 6 бода |

При бодувањето се вреднува само највисокото достигнување на просветниот работник во одредената област, односно се бодува дипломата која носи најмногу бодови за секој ученик поединечно.

**III. Постапка за доделување награди, дипломи и пофалници**

**Член 17**

Постапката за доделување на награди, дипломи и пофалници ја спроведува Комисијата.

**Член 18**

Наградите, дипломите и признанијата се доделуваат врз основа на конкурс што се објавува во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" и интерен оглас што се објавува на огласна табла во секое општинско основно училиште во Општина Ѓорче Петров.

Огласот го објавува Комисијата во месец мај за тековната учебна година и завршува на 10-ти јуни.

**Член 19**

Пријавите со соодветна документација учениците ги доставуваат до општинското основно училиште во кое учат.

Општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров се задолжуваат да формираат Комисија за доделување награди, дипломи и пофалници на учениците која ќе ги прими и разгледа сите пристигнати документи, ќе изврши нивно бодување и ќе ја достави листата на предложени кандидати до Наставничкиот совет на училиштето.

Усвоените предлози од Наставничкиот совет на училиштето за:

- Првенец на генерација;
- Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение и
- Посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области (како

на пример: спорт, музичка или ликовна уметност и др.)
со целосната документација треба да бидат доставени до Комисијата.

Просветните работници, директорите, наставниот кадар во одделенска и предметна настава и стручните служби за:

- Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области (како на пример: спорт, музичка или ликовна уметност и др.) и
- Награда за истакнат просветни работник

ги доставуваат пријавите до Комисијата.

**Член 20**

Општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров се должни во рок од 5 работни дена по истекувањето на огласот да ги достават пријавите до Комисијата.

**Член 21**

Комисијата ја разгледува:

- комплетната приложена документација на сите кандидати за Првенец на генерација за основно образование на Општина Ѓорче Петров;
- комплетната приложена документација на сите кандидати за Најдобар ученик за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение за основно образование на Општина Ѓорче Петров;
- комплетната приложена документација на сите кандидати за Посебна Пофалница за постигнат особен успех во определени области и
- комплетната приложена документација на сите кандидати за Награда за истакнат просветен работник

прави листа на предлози по претходно бодирање на кандидатите според критериумите од Член 9 кои се однесуваат на добиени награди, дипломи, пофалници или признанија во текот на учебната година.

**Член 22**

Комисијата утврдува:

- дали пристигнатите пријави се во согласност со условите и критериумите утврдени со огласот и

- листа на кандидати за доделување на награди, дипломи и признанија на учениците и просветните работници од општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров.

Комисијата има право да не даде предлог за доделување на одредена награда, диплома или пофалница.

**Член 23**

Одлуката за доделување на награди, дипломи и признанија ја донесува Советот на Општина Ѓорче Петров по предлог на Комисијата.

**Член 24**

Советот на Општина Ѓорче Петров доделува награди, дипломи и признанија на учениците кои освоиле прво место на национално ниво на натпревар организиран од акредитирано здружение од министерство за образование и наука.

**Член 25**

Советот на Општина Ѓорче Петров доделува награди на менторите на учениците кои освоиле прво место на национално ниво на натпревар организиран од акредитирано здружение од министерство за образование и наука.

**IV. Средства за доделување награди, дипломи и признанија**

**Член 24**

Ученикот кој е прогласен за Првенец на генерација добива плакета и награда во вредност во нето износ од 20.000 денари.

Учениците кои се прогласени за Наградени ученици за IV, V, VI, VII, VIII и IX за соодветно одделение добиваат дипломи и награда во вредност во нето износ од 10.000 денари.

Учениците и просветните работници кои добиле посебни Пофалници за постигнат особен успех во определени области добиваат диплома и награда во вредност во нето износ од 8.000 денари.

Истакнатиот просветни работник добива плакета и награда во вредност во нето износ од 25.000 денари.

Учениците кои освоиле прво место на национално ниво на натпревар организиран од акредитирано здружение од министерство за образование и наука добива награда во вредност во нето износ од 10.000 денари.

Менторите на учениците кои освоиле прво место на национално ниво на натпревар организиран од акредитирано здружение од министерство за образование и наука добива награда во вредност во нето износ од 6.000 денари.

Со оглед на тоа што учениците се малолетни лица наградите ќе бидат исплатени на трансакциска сметка на родител/старател.

За сите награди Општина Ѓорче Петров има обврска да исплати данок на личен доход.

Видот и бројот на наградите ги утврдува Советот на Општина Ѓорче Петров по предлог на Комисијата.

**Член 26**

Средствата за доделување награди, дипломи, признанија и пофалници се обезбедуваат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

**Член 27**

Со стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот Број 08-1488/4 од 31.05.2016 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2016).

**Член 28**

Правилникот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 02-756/6**
**од 29.04.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## за објавување на Одлука за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров

Се објавува одлуката за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветтата седница на советот, одржана на ден 29.04.2026 година.

**Број 02-795/6**
**од 30.04.2026 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, а в.в со член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ број 8/23), Советот на Општина Ѓорче Петров на 9-та седница, одржана на 29.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со одлуката за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров договорните страни вршаат изменување на одредбите со кои е уредена платата на вработените кои немаат статус на административни службеници.

**Член 2**

Во Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-2200/1 од 24.11.2022 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/22 од 24.11.2022 година, Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-1805/1 од 12.11.2024 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/24 од 12.11.2024 година и Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 01-1061/1 од 28.05.2025 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/3-25 од 28.05.2025 година, се изменува членот 40, став (3) каде што во табеларниот приказ, во делот „бодови“ се менуваат бодовите кај називите на следниот начин:

- Хигиеничар, бројот „2685“ се менува и гласи „2873“;
- Умножувач/копирант бројот „2685“ се менува и гласи „2873“;
- Кафекувар/ка бројот „2685“ се менува и гласи „2873“;
- Чувар-портир II бројот „2725“ се менува и гласи „2913“
- Домаќин бројот „2725“ се менува и гласи „2913“;
- КВ работник за извршување на помошни работи бројот „2766“ се менува и гласи „2954“
- Работник за извршување на помошни работи бројот „2826“ се менува и гласи „3014“
- Работник за давање податоци-информации бројот „2826“ се менува и гласи „3014“
- Возач III бројот „3088 “ се менува и гласи „3276“ и
- Возач на градоначалникот бројот „3450“ се менува и гласи „3638“.

**Член 3**

Останатите одредби од Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-2200/1 од 24.11.2022 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/22 од 24.11.2022 година, Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 03-1805/1 од 12.11.2024 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/24

од 12.11.2024 година и Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров заверен во Општина Ѓорче Петров под број 01-1061/1 од 28.05.2025 година и кај Синдикалната организација на САДУ на Општина Ѓорче Петров под број 03/3-25 од 28.05.2025 година не се менуваат и остануваат во сила.

**Член 4**

Исплатата на плата согласно членот 2 од оваа Одлука за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, отпочнува со исплата на платата за месец април 2026 година.

**Член 5**

Оваа Одлука и Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и преку електронските гласила на договорните страни.

Договорот за измена стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Работодавачот односно синдикатот има обврска на секој вработен да му овозможи увид во договорот за изменување и дополнување на колективен договор.

Договорот се заверува кај договорните страни кои се негови потписници.

**Член 6**

Советот на Општина Ѓорче Петров го овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да го потпише Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Одлуката за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров влегува во сила со денот на потпишување на Колективниот договор за изменување на Колективниот договор на Општина Ѓорче Петров, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

Доколку двете договорни страни не го потпишат наведениот колективен договор, оваа Одлука не произведува правна сила.

**Број 02 -756/7**
**од 29.04.2026 година**
**С к о п ј е**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**